821.163.3-83
стручен труд

# ДИЈАЛОГ СО КОНЕСКИ

**д-р Мишел Павловски**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за македонска литература, Скопје

**Клучни зборови:** актуелизација, Конески, поезија, литература, откривање
**Keywords**: actualization, Koneski, poetry, literature, discovery

Долго се подготвував за овој дијалог со Блаже Конески. Триесетина години. Има некои ликови од минатото или од сегашниот миг, за кои чувствуваш дека не може тукутака да зборуваш со нив или за нив. Парафразирајќи го академикот, знаев дека разговори од ваков вид не се јавуваат по желбата на авторот, „ами имаат свои моменти на раѓање.“ (Конески 1981:214)

**МП:** Професоре, да се вратиме назад во ‘48-мата. Она што ме интересира е: зошто требаше да поминат точно десет години за да ги објавите „Од стариот нотес“ (1941–1945)?

*Пред БК да може да одговори, се вклучува Нараторот. МП го гледа вчудоневидено, можеби со малку непријатност што во дијалогот се вклучува трет*

**Нараторот:** „Песни за земјата и љубовта“ е значајна збирка, не само затоа што тоа е првата поетска публикација на Конески, туку и поради тоа што стихозбирката ја отвора песната „Тешкото“, чии легендарни стихови одамна длабоко се вткаени во современиот македонски културен контекст. Генерално, збирката говори за љубовта кон „татковата земја“ фраза позајмена од „Пролетна песна“, исто така објавена во збирката. Од друга страна, „Од стариот нотес“ содржи песни кои се настанати во периодот од 1941 до 1945 година. Конески ги објави во списанието „Современост“, бр. 3 за 1958 г., како циклус од седум песни („Песна за животот“, „Камбани“, „Ноќна песна“, „Разделба“, „Закопана песна“, „Старата“ и „Песна за затворницата“) под заеднички наслов „Од стариот нотес“ (1941–1945). Циклусот е нагласено лирски.

**БК:** Задачата на поезијата и на уметноста воопшто, е на реалноста да реагира од посебен агол и да ја објаснува. (Павловски 1977:118) Имено, зборувајќи на друга тема, еднаш реков дека „во самиот колектив не само што се подготвува онаа нова плима што ќе бара неотстапно соодветна експресија, ами се подготвува како по делчиња и оној јазичен материјал што ќе ѝ даде неповторлива сила на таа експресија. “ (Конески 1981:215) Сакам да кажам, „песни од извесни жанрови [...] не се јавуваат по желбата на поетот, ами имаат свои моменти на раѓање, што се определуваат од ред фактори во поширока општествено-историска смисла. Таков е случајот со т.н. патриотска поезија, како впрочем и со други видови изразито општествено ангажирана поезија.“ (Конески 1981:214) И уште: „Кога размислува човек, излегува дека можеби откривањето на песната во добра мера значи издигање на еден рудиментиран податок, но со потенцијален емотивен набој, до повисоко ниво, до поетското рамниште, кое се достига преку споменатиот авторски, поетски коментар.“ (Конески 1981:216)

**Нараторот:** Уште само да додадам дека Конески во цитираниот текст се повикува на ставот на Осип Мандељштам дека песната не се *пишува,* туку таа се *открива.* Следејќи ги потребите на колективот, на Конески во 1948-мата му е јасно дека моментот на раѓањето на песната/песните (момент кој како своја финална фаза го има објавувањето на стиховите) натежнува кон *т.н. патриотска поезија,* дека *редица фактори во поширока општествено-историска смисла* **бараат** и го наметнуваат откривањето на стиховите кои ќе зборуваат за татковата земја, за *Тешкото,* за колоната пред која оди Сонцето, за Охрид или за Дојран. На тој начин, откривањето на песната не е само креативен поетски/авторски чин, туку станува составен дел на креативната моќ на колективот. Креативноста на поединецот, ставена во функција на потребите на колективот придонесува во создавањето културен контекст кој во моментот му е потребен на тој колектив. Очигледно, Конески смета дека, три години по крајот на војната, на колективот сè уште му треба патриотска поезија. Со една мала разлика - не поезија која ќе биде продуцирана врз база на идеолошките пароли и фрази, која ќе биде политички памфлет, туку податок издигнат до поетско рамниште. Тоа не значи дека во таа поезија нема место за лирика. Напротив!

***Нараторот** ја поддигнува главата, се забележува дека очите чудно му сјаат*

*О тешкото! Сега по нашите села / во слобода првпат штом оро ќе сретам, / зар чудно е – солза да потече врела, / зар чудно е – жалба јас в*

*срце да сетам?! / Од вековно ропство, мој народе, идеш / но носиш ти в раце дар златен и поj. / Пченицата твоја триж плодна ќе биде, / и животот твој!* (Конески 2011:37)

*Пауза од неколку секунди. МП подзинува да го постави следното прашање, кога зад него се слуша нов глас. МП резигнирано слегнува со рамениците, јасно му е: ова веќе не е дијалог, ќе мора да го менува насловот.*

**ЦА:** Не заборавајте дека во книгата „Разговори со Конески“, зборувајќи за „Мостот“ и за „Земјата и љубовта“, Конески вели: „Во тие работи морало да се одразува она што можеме да го наречеме дух на времето. Друго е прашањето дали ќе го определиме тоа со некаква етикета, како што е, на пример, социјалистичкиот реализам. Што се однесува до мене, сигурно, и за мене беше важна социјалната тема. Времето беше такво што по опитот на војната навистина таа тема се јавуваше како доминантна, независно од тоа дали, можеби, и се инсистирало на таа тема. Но, и самиот автор беше психолошки упатен на тоа да бара некои теми со поопшто значење. [...] Во секој случај би инсистирал на тоа дека моментот беше таков што уште за некое време требаше да се чека па повторно да се сети важноста на интимните теми “ (Андреевски 1991:210-211)

**МП:** Кога се зборува за Вашето творештво, тешко е човек да се определи за тоа кој профил е доминантен: поетот, научникот/лингвист, медијавелистот... Сакам да го сведам прашањево на односот уметност-наука, генерално и кога се работи за Вашето лично себечувствие.

**БК:** Терминот *поезија* „е само еден вид скратенка што ја употребуваме едновремено и за пошироките поими - *литература* и *уметност.* Тоа треба да се подразбира. (Конески 1981:216)

*Нов глас се вклучува во „дијалогот“.*

**ЈП:** Во едно интервју, пред повеќе од четириесет години, Професорот уште еднаш ќе го објасни својот став за поезијата и уметноста воопшто, како и за односот уметност-наука: „Јас се слагам со оние луѓе кои сметаат дека уметноста има задача, на посебен начин, да ја моделира реалноста. Кога тоа го велам мислам дека таа треба да најде начин за нејзиното објаснување и толкување како што, од друга страна, науката има свои методи за запознавање на реалноста. И науката и уметноста, а во нејзини рамки и поезијата, се начини за запознавање на реалноста. Едниот начин не може да биде заменет со другиот. Ако се случи тоа, тогаш сигурно е дека човекот ќе биде многу посиромашен. Во

тоа е и функцијата на поезијата: да ја збогати свеста на човекот, односно на свој начин да придонесе тој да го запознае светот.“ (Павловски 1977:118)

**БК:** Формите на духовната дејност располагаат , се разбира, со познавателна сила, но не со подеднаква. Приматот во тој поглед ѝ припаѓа на науката. Ако вршиме валоризација на таа основа, поезијата ќе добие секогаш поскромно место. [...] Ако се постави на таа основа прашањето што му е во иднината попотребно на човештвото - поезијата или науката, јасно е дека одговорот ќе биде во полза на науката. (Конески 1981:219)

**МП:** Но?

**БК:** Но, можеби на поезијата, како на поинаков вид моделирање на светот, ѝ е присушта некоја друга сила што го обезбедува нејзиното трајно присуство во животот на човештвото? (Конески 1981:219)

**Нараторот:** Според Конески, таа друга сила на поезијата е актуелизацијата: преку која исказот се освежува, се избегнува рутината во комуникацијата. Академикот го проширува терминот на прашката школа, поврзувајќи го со поезијата, која носи освежување не само на „речевото рамниште“.

**БК:** Значи, „ако поезијата отстапува пред науката во својата познавателна моќ, таа има своја област, во која науката не може да стапи суверено, бидејќи во неа владее силата на актуализацијата. Сè дури е човек жив на земјава, тој ќе има потреба да се напојува од таа сила, зашто таа му носи возбуда, изненада, задоволство и му го разубавува животот. Можеби е тоа поскромна манифестација на духот отколку научното познание, но таа манифестација е исто толку трајна и незибежна.“ (Конески 1981:222)

**ЦА:** Не мислете дека Конески ѝ дава предност на науката пред поезијата. „Јас ѝ давам предност само во нејзинот домен. А никако друга предност. Некои мислат дека поезијата, интуитивното познавање, може да ја замени науката. Јас во тоа не верувам. Поезијата си има свој домен, науката си има свој домен. Тоа е моето уверување. Но тие домени не се со ѕид преградени. Тука има интеракција, заемно проникнување. Сепак, се знае што е област на литературата или, пошироко, на уметноста, а што е област и метод на науката.“ (Андреевски 1991:214)

**Нараторот:** Очигледно е дека Конески ги признава онтолошките и когнитивните предности на науката, прецизните методологии кои на научникот му помагаат да го спознае светот и да го конструира сопствениот светоглед. Меѓутоа, не помалку важна за него е моќта на

поезијата (односно, уметноста) да влијае на чувствата, да ни го потенцира, актуелизира убавото. Впрочем, тоа се гледа и од примерите што ги дава. Навидум рутинска работа, како што е менувањето на чаршафот пред новиот гостин во кафеана, со помош на актуелизацијата, односно, поезијата се трансформира во естетски ритуал кој емотивно влијае на реципиентот. Во случајот со Конески, таа сцена го потсетува на убавината. И на Тин Ујевиќ.

Блаже Конески дистинкцијата наука-поезија ја решава едноставно. Тој е и научник и поет. Поточно, тој е голем поет и голем научник. Човек кој „и во науката и во поезијата (кои кај него најдоа исклучително среќен спој), пишувајќи толку често за минатото и за она што било во историјата и во неговиот сопствен живот, всушност ѝ се обраќаше на иднината, кон сето она што може да значи нова етапа и нов хоризонт на човечкиот напредок.“ (Ѓурчинов et al. 2002:47) Гледано од овој агол, не како пригодна фраза звучи терминот *генијј* кој многу често се наоѓа во текстови посветени на Блаже Конески (Ѓурчинов et al. 2002; Коробар-Белчева 2015) (Ѓурчинов et al. 2002; Мојсова-Чепишевска 2013) (Ѓурчинов et al. 2002; Репер 2013)

**МП:** И, професоре, уште едно прашање, сосема интимно, надвор од темата. Чинам го знам одговорот, но сепак... Последниве десетина-петнаесет години, отворено или скриено, Ве напаѓаат, дури и Ве навредуваат...

***Нараторот, ЈП, ЦА** заедно пред БК да може да одговори*

Спаси ме Боже, од болните луѓе / што се накажани, / та не се криви,
нивната злоба умерено суди ја,
самите од неа одвај се живи.

**Литература:**

Андреевски, Цане (1991): Разговори со Конески. Скопје: Култура.

Ѓурчинов, Милан; Тополињска, Зузана; Иванова, Олга (Eds.) (2002): Делото на Блаже Конески. Остварувања и перспективи: меѓународен научен собир по повод 80-годишнината од раѓањето на Блаже Конески. Скопје: МАНУ.

Конески, Блаже (1981): За литературата и културата. Скопје: Култура; Македонска книга; Мисла; Наша книга (Избрани дела : во седум книги, 4).

Конески, Блаже (2011): Поезија (т. 1). Скопје: МАНУ (Целокупни дела на Блаже Конески. Критичко издание во редакција на Милан Ѓурчинов).

Коробар-Белчева, Марија (2015): Како се однесуваме кон македонскиот јазик, кон залогот што ни го оставија Мисирков и Конески, највозвишениот наш белег? Скопје. Available online at https://www.mkd.mk/kolumni/kako-se-odnesuvame-kon-makedonskiot-jazik-kon-zalogot-shto-ni-go-ostavija-misirkov-i-koneski, updated on 4/17/2018, checked on 4/17/2018.

Мојсова-Чепишевска, Весна (2013): За културната меморија. преку простата и строга македонска песна. In *Stephanos* (1), pp. 60–77. DOI: 10.24249/2309-9917.

Павловски, Јован (1977): Бев со нив. Скопје: „Нова Македонија“.

Репер (2013): Препрочитување на „Молитва“ од Конески. Скопје. Available online at http://www.reper.net.mk/2013/07/07/%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%87%D0%B8%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B2%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%81%D0%BA%D0%B8/, updated on 7/7/2013, checked on 4/13/2018.

# DIALOGUE WITH KONESKI

**Mishel Pavlovski**

**Summary**

The text explores the theoretical views of Blaze Koneski about the creation of poetry, as well as the role of poetry in culture.

The text is a dialogue with Blazhe Koneski, a character that you feel you can not speak to just like that. I knew that conversations of this kind do not occur according to the author's desire, "but they have their moments of birth". Viewed from this angle, the term genius, which is very often found in texts dedicated to Blazhe Koneski, sounds inappropriate.

The text explores the theoretical views of Blazhe Koneski about the creation of poetry, as well as the role of poetry in culture.